CBIB - Cross Border Institution Building

Zmaj Jovina7/1
Belgrade
SERBIA

Phone: + 381 11 26 36 429
+ 381 11 26 37 294
+ 381 11 26 37 116
Fax: + 381 11 26 37 914
www.cbib-eu.org

**Date:** June 26th, 2008
**Source:** Utrinski vesnik

## Нема разлики во меѓуграничната соработка со ЕУ

Земјите од Западен Балкан не се соочуваат со специфични проблеми во спроведувањето на проектите за прекугранична соработка, различни од оние со кои се соочија земјите кои денес се членки на ЕУ, е дел од она што беше изнесено како податок на првиот ден од Регионалниот форум за прекугранична соработка. Сепак, комплексноста на ваквиот вид соработка налага потреба од постојана обука на администрацијата за полесно надминување на тие проблеми, изјави вчера Џанантонио Балете од Директоратот за проширување на Европската комисија.

Дводневниот форум за размена на искуства по ова прашање меѓу надлежните органи од земјите од регионот е предвидено да излезе со препораки за процесот на прекуграничната соработка во Западен Балкан. Според Малинка Ристевска-Јорданова, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања на македонската Влада, едно од клучните прашања на ваквата соработка е утврдувањето на приоритетите меѓу две земји и нивно усогласување со стандардите на ЕУ. (Т.Г.)